*Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ*

***УДК: 355.01/.02:32(100)"20"; 355.48:316.485.6(100)"20"; 355.015(100)"20"***
Прегледен труд

# ВОЈНА, ПОЛИТИКА И ИДЕОЛОГИЈА ВО 21 ВЕК

***Кратка содржина:***

*Војната претставува еден од најпроучуваните феномени на почетокот на 21 век.Заради нејзината постојана трансформација и различните начини на нејзино манифестирање, расте и потребата за нејзино опсервирање.Постои широк дијапазон натолкувања за војната бидејќи таа ги засега сите области од општественото живеење, политиката, економијата, дипломатијата и религијата.Присутната неизвесност и стравот од идни војни и конфликти се видоа како причина зазајакнување на воените капацитети и зголемување на трошоците за одбрана на државите и на меѓународните организации, што придонесе до нова трка во вооружување и јакнење на милитаристичкиот менталитет и влијание на воената сила како двигател во надворешната политика.*

*Особено внимание посветуваме на причините за појава на војни и на политиката што ја поттикнува војната до крајни граници, како во поглед на ангажирање на силите и средствата, така и по однос на манифестирањето на насилството.Историското искуство покажува дека владите и нивните лидери се водени според националните интереси и идеологии, и воопшто не се колебливи по однос на почнувањето на војна, гледајќи на воената силакако средство за постигнување на политичките цели, а притоа не внимаваат на реперкусиите врз меѓународното право и зачувувањето на мирот во светот.*

**Клучни зборови:** *војна, политика, интереси, идеологија, глобална милитаризација*

**Вовед**

***Интернационализација на војната***

Војната е комплексна општествена појава во која се испреплетуваат насилството, разумот, политичката волја, идеологијата и интересите при што таа повеќе пати ја менува својата природа во секој конкретен случај. Феноменот на војната во изминатите епохи бил предмет на проучување и интересирање на голем број автори од различни професии и занимања некои од нив се Конфуцие, Сун Цу, Тукидит, Макијавели, Хобс, Хегел, Маркс, Енгелс, Клаузевиц и други личности. И во светите книги Библијата, Куранот и Талмудот е даден соодветен третман на војната какодеструктивна апокалиптична појава која генерално се поврзува со „пропаст на светот" или со „судниот ден". Присутноста на стравот од војни е оправдана затоа што ја менува судбината на народите и на државите, а војните отсекогаш важелеи за меѓници на големите историски промени во кои исчезнаа познати цивилизации (*Нацев и Начевски, 2000).*

Ако се погледне подлабоко во минатото, ќе се дојде до сознанија дека во 3.000 годишната човекова историја само 300 години, (или 10% од тоа време), поминале во мир, без војни и вооружени конфликти (Pavlović, 2009: 199) Според Меѓународниот институт за проучување на мирот, во човековата историја се забележани околу 14.570 војни во кои животот го загубиле 3,7 милијарди луѓе. По завршување на Втората светска војна, не е поминат ниту еден ден без војна, а во истиот период, во војни и насилни судири животот го загубиле повеќе од 50 милиони луѓе, така што оваа тенденција која води кон пораст на бројот на војните и на насилството не запира(Kegley and Wittkopf,2000).Тоа го потврдува и фрапантниот податок дека областите зафатени од конфликти и судири во светот пораснале за 65 %, а бројот на жртвите е зголемен за 29% од почетокот на 2021 година (Brennan and Durmaz, 2024).Само во 2022 година, 92 земји биле инволвирани во најмалку еден вооружен конфликт од вкупно 193 земји во светот(Global Peace Index 2024).Врз основа на наведените податоци, произлегува дека бројот, обемот и деструктивноста на војните и конфликтите се зголемуваат паралелно со развојот на цивилизацијата.

Генерално, од Пелопонеските војни, па сè до двете светски војни во 20 век, повеќето од нив се воделе за стекнување безбедност за својата нација и нејзиниот опстанок.Но, остварување на безбедноста преку војна е парадоксално, затоа што често војните завршувале со поткопувањена безбедноста на нациите што наводно требале да се заштитат (*Kalin, 2015).* За време на Студената војна, меѓународниот систем беше статичен со соодветна структура и правила, поставен околу нации-држави и балансиран меѓу двете суперсили. Идеолошкиот судир меѓу капитализмот и комунизмот создавал затегнатост и можност за нуклеарно уништување. Сепак,

конфликтот меѓу Истокот и Западот бил задржан со нуклеарно одвраќање и во рамките на традиционалната безбедносна дилема. По Студената војна настана системска транзиција, во овој период карактеризиран од хегемонијата на САД, војната стана прашање на создавање коалиции за да се интервенира во земјите од Третиот свет кои поттикнуваа граѓанско или етничко насилство,геноцид, воени злосторстваимеѓусоседски конфликти. Мирот наметнат со воена сила (или како што вели Џорџ Орвел „војната е мир"), не донесе посакувана стабилност, напротив, доведе до пораст на глобалниот милитаризам и експанзија на воениот интервенционизам под закрилата на ООН, НАТО и развиените западни земји.

По нападите од 11 септември 2001 година, светот навлезе во нова ера на „вечна војна" (пандан на Кантовата теза за вечен мир), каде што вниманието се префрли на терористичките организации, бунтовниците и на другите недржавни актери. Во овој период, војната, начинот на војување и изведувањето на воените операции беа главна карактеристика во меѓународните односи.Воено репресивната димензија изразена преку разни хуманитарни интервенции,антитерористички ангажмани, превентивни војни, или термини како „одговорност да се заштити" (responsibility to protect – R2P), „промена на режим", „специјална воена операција"го променија размислувањето за војната и нејзините нелогичности. Најпрвин, „глобалната војна против тероризмот"[1] (именувана и како Трета светска војна), ја навести апсолутната доминација на воената сила и моќ во глобалните случувања, без поставување лимити или ограничувања на просторот, а притоа го маргинализираше прашањето за конфликтот помеѓу државите. Низ призмата на оваа војна се појавуваат неколку контрадикторности кои се однесуваат на:неможноста да се дефинира непријателот (фокусот е насочен кон промена на конкретен режим или лидер, наместо на непријателска држава или народ);не се знае почетокот и крајот на војната;нема конкретна дефинирана територија –„војната е таму каде што се и непријателите" (може да зафати и цел регион); заканите варираат од една до друга крајност (од војна, тероризам, до пролиферација на ОМУ) (Ванковска, 2011: 93).

Оттогаш започнува да се користат различни термини за концептуализирање на современите војни како „војни од трет вид", „хибридни војни", „прокси војни", „постмодерни војни", „демократски војни" и „нови војни".Општо земено, новите војни се резултат од динамиката на современата глобализација која ги урива разликите меѓу државното и недржавното, јавното и приватното, надворешното и внатрешното, економското и

---

[1]Според проектот „Costs of War", трошоците од војните по 11 септември 2001 година, изнесувале над 14 трилиони долари, а бројот на човечките жртви изнесувал околу 500.000 (исклучувајќи околу половина милион жртви во Сирија), додека 38 милиони луѓе се принудно раселени низ Авганистан, Ирак, Пакистан, Јемен, Сомалија, Филипини, Либија и Сирија или се принудени да заминат во странство(*Parmar and Hooper, 2022).*

политичкото, војната и мирот. Иако, некои автори сметаат дека во новите војни нема ништо ново, кога станува збор за злосторствата против цивилите или начините на војување. Сепак, Мери Калдор разликите меѓу класичните и новите војни ги гледа во однос на актерите, целите, методите и начините на финансирање. Во новите војни актерите се редовните вооружени сили, приватните воено-безбедносни компании, платеници и паравојски, а војните се водат во име на идентитетот (етнички или религиски), за разлика од „старите војни" кои се воделе за геополитички интереси или за идеологија. Во однос на методите, овие војни се водат преку герилски техники и етничко чистење, пришто насилството е насочено против цивилното население како начин за контрола на територијата, а не е насочено против непријателските сили. Новите војни се финансираат преку глобализираната децентрализирана економија во која завојуваните страни се самофинансираат преку црниот пазар или со поддршка од дијаспората. Затоа, ваквите војни тешко завршуваат бидејќи самото војување е попрофитабилно отколку освојување територија или постигнување конечна победа (Kaldor, 2013).

## Причини за војна

Зголемениот интерес на академската заедница за проблемите на војната се должи на тоа што војната сѐ почесто се применува како начин за решавање на меѓународните спорови, се води во име на меѓународниот мир и безбедност, како средство за остварување на одредени цели и интереси на државите, како „рекет"[2] и експлоатација на ресурси[3], или пак, таа се води за исполнување на атавистичките и биолошките инстинкти. Причините за војни во денешно време се речиси помногубројни и поизразени, тие варираат од секуларните интереси како што се територијално освојување, моќ, безбедност и профит до апстрактните идеали како закон, правда и Бог (Creveld, 1991).

[2]За поранешниот американски генерал Смедли Батлер, „војната е рекет" и отсекогаш претставувала најстара и најпрофитабилна појава која е меѓународна по обем и единствена во која профитот се пресметува во долари, а загубите се мерат со човечки животи. Неговите аргументи се дека војната им служи само за материјална корист на мала група луѓе (елита), а на штета на сите останати. Тој истакнува дека само во текот на Првата светска војна создадени се преку 21. 000 нови милионери и милјардери во САД, а речиси ниту еден од нив не учествувал во војната или во вооружените борби (*Butler,1935).*

[3]Авторот Мајкл Клер, истакнува дека конкуренцијата за природни ресурси е примарна причина за глобални конфликти.Според него, недостигот на ресурси ќе биде доминантна причина за војна во 21 век.„Војните за ресурси" (како што се водата, гасот и нафтата) сѐ почесто ќе бидат присутни во регионитена Северна Африка и Блискиот Исток, а исто така, сеочекува зголемување на тензиитеи ривалстватаво областите богати со ретки минерали како што е Јужното Кинеско Море (Klare,2002).

Во тој контекст ќе наведеме само некои од веќе познатите причини кои се истакнати од светски познати автори. Според Френсис Фукујама,главни причини за војни се нафтата, емиграцијата и новиот светски поредок, од кои третата причина за појава на војни и судири е мошне актуелна и позначајна, а предизвикува низа дилеми затоа што опфаќа широк спектар на активности за отпочнување воени походи (Fukuyama , 1992). Авторот Семјуел Хантингтон говори за„судир на цивилизации", при што стравот од асимилирање на сопствениот идентитет и јазик со глобалните културни вредности, ќе влијае кај некои народи и земји тоа да го надоместат преку насилства, етнички чистења, геноцид и војни со цел да ги истакнат сопствените културни вредности над останатите(Huntington, 1996). Тој ја нагласува културната димензија како тригер за војни и судири која доби поинакво значење и класификација (да се определува според религија, нација, идентитет и цивилизација), по терористичките напади на САД.Социологот Зигмунд Бауман причините за војни ги поврзува со процесите на глобализацијата. Авторот говори за два типа војни, едните ги нарекува „глобализирани војни" и другите „војни породени од глобализацијата". Целта на глобализираните војни е отстранување на пречките од патот кои го попречуваат реализирањето на неолибералниот модел, односно се започнува војна заради отворање на затворените територии за глобално движење на капиталот и стоките.Отсуството на меѓународен политички авторитет е причина за изведување воени операции проследени преку правилото на дејствување познато како „закон на посилниот", анекои земји ги покажуваат „сопствените мускули" и слобода на дејствување во име и одбрана на меѓународниот поредок. Вториот тип војни, познати како „војни породени од глобализацијата". За нив се вели дека процесите на глобализација ги рушат постоечките граници на другите народи и ја елиминираат нивната моќ, притоа економските придобивки се насочуваат кон земјите предводници на овие војни. Поради тоа, глобализацијата предизвикува незадоволство и несигурност проследени со војни и судири кај повеќето земји кои не ги прифаќаат глобализациските трендови.Бауман ги определува меѓуетничките војни, геноцидот и појавата на терористички акти како војни породени од глобализацијата (Бауман, 2001).

Некои автори глобализацијата ја именуваат и како „Четврта светска војна"или како нов тип војна, позната уште како „невоено освојување на светот".За Катерина Одора, „глобализацијата претставува нова фаза на војната која никогаш не завршува", односно посочува на глобализацијата како форма на „војување со низок интензитет" (Low Intensity Warfare – LIW). Како „жртви" на глобализацијата или терен за војна со низок интензитет се оние земји кои дел од глобализацискиот јаз, односно, земјите што се исклучени од остатокот од светот или кои не ги прифаќаат обврските што се наметнати од меѓународните авторитети и земјите предводници на современата глобализација(Odora, 1999). Речиси сите војни во изминатите три децении (војните на Балканот,Блискиот Истоки во Персискиот Залив),

се токму во земјите што се исклучени од глобализациските текови, односно, оние земји што не ги прифатиле начелата на демократијата и западните неолиберални вредности.

Несомнено е дека (де)глобализацијата генерира многу противречности и разновидни форми на кризи, зголемувајќи ги можностите од појава на војни и конфликти од регионални или глобални размери. Се очекува во модерната ераформата и природата на војните и конфликтите да се определуваат според една поширока основа, најчесто според геополитичките, економските, технолошките, културните и надворешните (глобалните пандемии, климатските промени, демографските промени, недостатокот на ресурси) трендови. Секоја од овие различни димензии придонесува за посебен аспект на деструктивното влијание на војната. Затоа во научните кругови, новиот тип војни ги класифицираат како геополитички војни, економски или трговски војни, информатичко-технолошки војни, културни или религиски војни, кои се поврзани со ефектите од современите (де) глобализациски процеси.

## Човекот, државата и меѓународниот систем како причина за војна – „стара теорија во нова ера“

Спомнатите видувања може да ги надополниме и со некои од најрепрезентативните традиционални толкувања за причините за војни коишто соодејствуваат со актуелнатасостојба во меѓународните односи. Застапникот на класичната реалистичка теорија, Кенет Валц причините за појава на војни ги сведува, т.е. групира на три нивоа–*човекот, државата и меѓународниот систем.* Првото ниво е поврзано со однесувањето на човекот и неговата вкоренета воинствена природа. Војната пред сè е производ на човекот,а не е природна или божествена состојба. Човековата несовршеност, себичност како и агресивните нагони (кои варираат по однос на полот, возраста и од поединец до поединец),се причини за насилство и војна. Поривот за моќ што е вграден кај луѓето е причина за конфронтирање и насилство затоа што луѓето посакуваат одделни работи како што се предмети, погодности, состојби и слично (Waltz, 2018). Многумина ја поддржуваат тезата дека проблемот на војната и на мирот е во рацете на лидерите и раководствата кои се најодговорни за политиката на својата земја и за меѓународната политика. Политиката на државниците, како и интересите и постапките се производ на темпераментите, искуството, разумот,настанитеи ситуациите со кои се соочени. Како во минатото, така и денес, лидерите имаат различни амбиции, да стекнат поголема моќ, богатство, влијание, статус или се стремат да го променат или пак, да завладеат со светот. Некои државниципредводени од атавистичките нагони и асоцијации (со важни историски личности –императори,кралеви, цареви и султани), започнуваат војни со цел да ја зачуваат својата милитаристичка традиција и својата позиција, притоа ризикувајќи ја иднината на својата земја и народ.

Со доаѓањето на власт на психолошки нестабилни поединци, со политички манипулации или како историска случајност, ги зголемува можностите за конфронтација и избувнување војни. Не случајно, поради концентрацијата на моќта во рацете на една личност и раководство, одредени војни биле персонализирани како Наполеонови, Хитлерови, Садамови, Клинтонови, Бушови и Путинови војни.

Второто ниво се однесува на внатрешната организација на државата и нејзината структура како причина за војна. Со оглед на тоа дека војните се водат помеѓу државите, потребно е да се реформираат државите со цел војните да се намалат или да се елиминираат засекогаш. Во оваа смисла се посочуваат различни содржини што би требало да бидат предмет на реформи. Карл Маркс сметаше дека тоа е сопственоста врз средствата за производство, а марксистите се уверени дека капиталистичките држави се причина за војнаи дека по пат на револуции и уривање на капитализмот, а со изградба на социјализмот, ќе се воспостави мир. Германскиот филозоф Имануел Кант се надевал дека свет со републикански влади ќе биде ослободен од војната, односно, дека либералните републики се повеќе колебливи за прашања врзани за војување, отколку земјите предводени од диктатори кои влегуваат во војна со секого (*Нацев и Начевски, 2000).* Една од доминантните современи тези е дека „свет што е сочинет од либерални демократии, би требало да има помалку побуди за војна“ (тезата дека демократиите не војуваат меѓу себе) (Fukuyama,1992). Но, статистички гледано, во изминатите децении демократските земји билемногу повеќе инволвирани во војни со други држави отколку автократските земји. Тие мошне лесно ги започнувале „демократските војни“(некои со политички манипулации[4]и неодобрување од јавноста, и сонелегитимностод меѓународните организации)во оние земји (како Авганистан, Ирак, Либија и др.), коишто не ја прифаќале западната либерална демократија, и претежно завршувале само со промена на режимот (лидерот), а не и со промена на системот и воспоставување демократски мир и поредок. Современите демократски војни во кои учествуваа западните земји не се војни за опстанок и поголема безбедност, туку војни на сопствен избор за создавање нов политички поредок. Од друга страна, „третиот бран на автократизација“ сè повеќе се продлабочува и шири, а вербата во демократскиот модел на управување континуирано е во опаѓање. Моментално, во светот има 88 демократии и 91 автократија, а речиси три четвртини од светската популација или 72% (5,8 милијарди луѓе), живеат во автократски земји (Nord, et al., 2025).Сметаме дека повеќе фактори влијаат врз одлуката дали државата ќе учеству-

[4]Манипулацијата со информациите одстрана на САДповрзани за војната во Иракостави сомнежи кои долго времесе одразија врз нивната надворешна и безбедносна политика. Погрешната перцепција на Бушовата администрација за ОМУ се смета за главнапричина за војната како и за наметнување насвојот личен став за воената инвазијаврз меѓународните организации (ООН, НАТО, ЕУ) и манипулирање со нивнитеодлуки.

ва во војни, а се однесуваат на видот на власта, големината на државата, владејачката идеологија, економските капацитети, воената моќ и јавната свест на граѓаните. На пример, двете најмоќни воени и економски сили во светот, САД и Кина имаат различно политичко уредување и поинаков системски пристап,едната суперсила е наклонета кон политиката на војна, а другата кон политиката на мир. Соединетите Американски Држави важатза највоинствена нација во историјата на светот која од своето постоење поминала само 16години во мир, за разлика, од авторитарнакомунистичка Кина, која од 1979 година не војувала со никого (*Wilkins, 2019*).

Последното нивоод анализата на Валц се поврзува со природата на меѓународниот систем како причина за војна, во кој главни субјекти се државите. Проблемот е во тоа што државите се раководат врз основа на своите национални интереси, амбиции, приоритетии одлучуваат како ќе настапуваат на меѓународната сцена. Недостатокот на ефикасна меѓународна организација или наддржавнавласт (што би ги имала карактеристиките на една светска влада која ќе може да го регулира однесувањето на државите),им овозможува на државните актери да употребуваат сила.Авторот смета дека војните не настануваат поради отворената намера на државите да војуваат, туку поради недостиг на организирана сила која успешно би го спречила избувнувањето и водењето војна.Тој се фокусира во рамнотежата на силите и создавање сојузи како реалистички одговори на безбедносната дилема на државите во меѓународниот систем (Waltz, 2018).

Од друга страна, евидентни се напорите за ограничување на меѓународната анархија и побудите за војна низ призмата на ангажманите на меѓународните организиции и групи како ООН,ЕУ, НАТО и Г7. И покрај тоа што некои од овие организации беанеефикасни во спречување навојните, сепак, постоеја напори за светот да се уреди врз темелите на правдата и правото.Денес, зголемена е потребата од создавање нови ефикасни меѓународни организации или реформирање на постоечките организации за унапредување на супранационалните механизми и капацитети за превенција на војни и вооружени конфликти.Поради тоа штомеѓународниот систем е во состојба на нерамнотежа каде што државите се незадоволни од територијалниот, политичкиот и економскиот статус кво, повеќе се наклонети кон експанзија и отпочнување војни.Изразената недоверба и несигурност ги принудидржавитеда се вклучат во трка во вооружување, зголемување на трошоците за одбрана, освојување на територија икон зајакнување на воено-одбранбените сојузи.

Руско-украинската војна послужи како тригер за преструктурирање и обликување на постоечкиот меѓународен системкој се потпира на застарени организации и институции коишто постојат околу осумдесет години. Засега, во оваа транзициска фаза која повеќе наликува на „неполарен свет" отколку на мултиполарен свет, нема ниту една сила способна да ги мобилизира останатите држави околу нејзината агенда. Тоа значи дека ниту една државане може да биде безбедносен гарантер или глобален ли-

дер кој ќе го контролира однесувањето на државните актери,пришто секој ќе може да го предизвика секого во меѓународните односи (Cronin and Oakley, 2009).

**Војната како политичко-идеолошки инструмент**

Војната се изучува низ бројни аспекти од кој најрелевантен и најдоминантен е политичкиот пристап кон војната кој се темели на стојалиштето на прускиот воен теоретичар Карл фон Клаузевиц.Според него„војната е продолжување на политиката со други средства",и претставуваполитички инструмент главново рацете на државата, аво поново време, таа се разгледува и како средство во рацете навладата и на лидерите за постигнување на политички цели (Clausewitz, 1976). Тоа значи дека војната и политиката се во взаемен „брачен" однос, без разлика дали војната се опсервира како средство или пак, како крајна цел на политиката. Исто така, за поранешниот кинески лидер Мао Це Тунг, „војната е политика и самата војна е политичко дејство, која има свои посебни карактеристики, но, не може да се поистоветува со политиката". За него „политиката е војна без крвопролевање, додека војната е политика со крвопролевање" (Tse-tung, 1938). Идејата дека војната е слуга на политиката (на „општата политика"– politics или на „одредената политика"– policy), или поточно на реалполитиката (Realpolitik)ја анализира и Мартин ван Кревелд, според кого постојат политичкии неполитички(за правда, религија и опстанок)војни. Водејќи се според Клаузевицевата теорија, тој посочува дека водењето војни мора да биде предмет ако не на политичарите, тогаш за политички размислувања. Второ, војната мора да се води единствено поради политички причини, и трето, политиката мора да го конституира најважниот критериум според кој се проценува исходот од една војна и се подготвува следната војна. Овие идеи се широко прифатени во современата стратешка мисла во развиените земји, а некои речиси се земаат и „здраво за готово" (Creveld, 1991).

Имено, војната секогаш започнува во политички услови и е придвижена од политички мотиви, а политичката цел е првичен мотив за војната и претставува стандард што ќе го утврди ангажирањето на воената сила.Меѓутоа, политичката цел се менува во зависност од новонастанатите околности, а таа може да биде окупирање на територија,уништување на непријателските сили или пак, тотална победа. Во согласност со тоа, Клаузевиц потенцира дека „секоја ера има свој вид војна, свои ограничувачки услови и свои посебни предрасуди", алудирајќи на променливиот карактер на војната во различни временски периоди и околности (Clausewitz, 1976). Со промената на политиката, идеологијата и на интересите на државите коишто се менуваат од време на време, тешко е да се предвиди карактерот на војнатаи начинот на војување во иднина (Karlin,2024).

Тројството војна, политика и интереси се во тесна врска уште од времето на Макијавели, па до денес. Често, политичарите го користат терминот

„национален интерес“ кога бараат поддршка за отпочнување војна. Познато е дека секоја држава е подготвена да ги брани интересите со употреба на воена сила, бидејќи само интересите се „вечни и трајни“, а сојузниците и непријателите се менуваат во зависност од околностите и потребите.Затоа, кога станува збор за националните интереси, државите повеќе дејствуваат според Клаузевицевите правила отколку според Кантовите правила (Cooper, 2004).Опстанокот, безбедноста и благосостојбатапретставуваат најважните интереси на државите, за кои нема компромисии генералново нивно „име“ се зголемуваат воените трошоции се оправдува милитаристичкиот менталитет како двигател во внатрешната и во надворешната политика. Во меѓународните односи, државите настојуваат да ги промовираат своите вредности и да ги остварат националните интереси и цели што неизбежно ќе води кон војни и конфликти во оние зони или сфери каде што нивните интереси се судираат или поклопуваат.

Александар Никитин, потенцира декавојната претставува судир на интереси коишто во повеќето случаи се од политичка природа и се однесуваат на различни форми на моќ и доминација на некои политички актери над други. Оттука, политичките причини за војна се поврзуваат како со внатрешната државна политика (прераспределбата на моќта меѓу групи, класи, елити и лидери,формите на владеење), така и со меѓународната (меѓудржавна) политика (граници и територии, пристап до ресурси, сојузи, меѓународни договори и обврски). Најчесто, политичките интереси се поврзани со економијата како што се дистрибуција и распределба на ресурси, финансии, територија и сл. Па оттука, не постојат само политички војни или само економски војни (изразени преку економски санкции, ембарга или трговски блокади), туку се комбинација и оддвете (Nikitin, 2001).Во современата политичката заедница терминот „политичка војна или војување“ се однесува на „синхронизираната употреба на сите аспекти на националната моќ (освен конвенционалното војување), како што се разузнавачки средства, градење сојузи, финансиски средства, дипломатски односи, технолошка и информатичка доминација за постигнување на државните цели“. (Theohary and Weiss, 2023). Така, на пример, Русија ја користи енергијата како политичко оружје, САД и Кина ја користат економијата и трговијата како политичко оружје и за политичко влијание во меѓународните односи, а Иран употребува „прокси“ стратегии и средства за влијание низ Блискиот Исток, додека Северна Кореја ја користи нуклеарната моќ како потпора за преговори во светската политика.

Во сегашното меѓународно безбедносно опкружување, политичката војна ја поврзуваат и сотермините стратешка конкуренција, ривалство и идеологија, истакнувајќи ја важностаи на невоената димензија. Политичките спротивставености и судири на интереси не водат до војна додека не се интензивира идеолошкиот натпревар помеѓу државите.Идеологијата е еден од најконтроверзните поими кој главно се употребува како политичко оружје за осуда и критика на спротивставените убедувања. Судирот меѓу

спротивставените идеологии како капитализмот и комунизмот, демократијата и авторитаризмот, национализмот и интернационализмотдоведоа до тензии кои го катапултираа светот во период на постојан конфликт, односно, доведоа до нова ера на бескрајна војна.Во споредба со територијалните или другите видови војни, целта на политичко-идеолошките војни е неутрализирање и преобразба на непријателската земја, како и наметнување на сопствената волја на противникот. За многумина, Студената војна претставуваше повеќе војна на идеологии отколку војна помеѓу воени сили (Chomsky, 1992).Главен мотив беше елиминирање на политичката опасност (од комунизмот),додека на почетокот на 21 век вниманието беше насочено кон глобалната војна против терористичката и екстремистичката идеологија.На почетокот од оваа деценија, светот навлезе во период на интензивни идеолошки превирања меѓу демократите и автократите.Таквата идеолошка поделба ги поттикна дебатите за политичко преструктурирање и за создавање нов постлиберален меѓународен поредок. Огромно влијание за оваа состојбаимаше војната во Украина која не само што ги принуди креаторите на политики да ги преиспитаат своите визии за иднината на светот, туку ги повлече стратешките и идеолошките линии на раздвојување.Новатагеополитичка реалност наликува настарата биполарна конфронтација(или на Втора студена војна), бидејќи светот повторно е фрагментиран на политичко-идеолошки и безбедносно-воени блокови. Од една страна се западните демократски земји (предводени од САД и ЕУ),чија идеологија се темели на начелата на демократијата, човековите права и слободи и либералниот пазар, а од другата страна се источните автократски земји како што се Русија, Белорусија,НР Кина и С.Кореја чие што сојузништво се базира на социјалистичка идеологија, антихегемонизам и промовирање антизападни вредности.

Претходно истакнавме дека водењето војни е предмет за анализа на политичарите, бидејќи војните на крајот се политичка одлука. Политичките лидери одлучуваат кога и како ќе завршат војните, а не воените лидери(Creveld, 1991).Затоа, војната како инструмент на политичарите се разгледува во поширок контекст, низ призма на политичките амбиции, приватните (бизнис) интереси, суетата и егоизмот на оние што владеат. Самото практикување на политиката е под силно влијание на визиите и идеалите што ги имаат политичките лидери. Во модерната ера воено-политичкото-идеолошко владеење со светот повторно доби на значење пред сè зарадимакијавелистичките и антагонистички ставови на актуелнитесветски лидери. Некои пак,предводени од политиката на моќ и сила ја насочуваат земјата кон дијаметрално спротивен правец од националните интереси и од политиката на сојузницитеи на меѓународните организации. Таков пример е новата идеологијана САД (позната како „Трампизам“[5]), којапретставува политика

[5] „Трампизмот“ е политичко движење во Соединетите Американски Држави кое ги опфаќа политичките идеологии поврзани со американскиот претседател Доналд Трамп.Неговата идеологија се заснова на десничарски популизам, антиглобализам

на американски национализам и зајакнување на суверенитетот, протекционистичка трговска политика, неинтервенционизам и спроведување на антиимигрантска политика, која е спротивна од идеалите и принципите на демократијата, економскиот либерализам и владеење на правото(Gnesotto, 2025).Оваа деструктивна идеологија е насочена кон рушење на сојузите, рамнотежите и правилата, како и на либералниот меѓународен поредок кој се темели на  економска отвореност, мултилатерални институции, безбедносна и воена соработка, демократска солидарност и интернационалистички идеали, а чиј заштитник и промотор во минатотобеаСАД(Ikenberry, 2017).

Всушност, новата ревизионистичка идеологија која го преобликува меѓународниот систем и поредок не ги почитува националните граници и суверенитетот на другите држави и создава еден поинаков свет без „правила на игра"каде што главниот двигател е политиката на сила, моќ и на доминација.Застапниците на ваквата идеологија сметаат дека нивната нација и култура се супериорни и најзначајни во светот, па оттука и нивните национални интереси треба да бидат пред интересите на останатите земји во светот. Примери за ова се територијалните амбиции на американскиот претседател Доналд Трамп да ги преземе Панамскиот Канал и Гренланд и да се обедини со Канада, како и да започне глобална трговска војна, настојувањето на рускиот претседател Владимир Путин[6] да го ревидира европскиот геополитички поредок воспоставен по Студената војна(преку „специјална воена операција" за демилитаризација и денацификација на Украина, создавање идеолошки конструкции за Русија како антифашистичка и антиколонијална сила и бранител на традиционалните вредности), или пак, напорите на кинеското политичко раководство да го преобликува азискиот и светскиот поредок со промоција на „социјализмот со кинески карактеристики".

Таквите ревизионистички идеологии предизвикаа глобални потреси, конфликти и недоверба,и ја поттикнуваат војната до крајни граници. Тие се толку моќни што создаваат искривени слики и визии за новиот постлиберален светски поредок и односите помеѓу државите,што нѐ приморува

иекономски национализам и се одликува со значајни нелиберални,авторитарни, па дури и неофашистички  верувања. Актуелната американска администрација во политичкиот дискурс употребува идеолошки конструкции како што се „Да ја направиме Америка повторно голема"–МАГА или „Америка на прво место" (кој е сличен со нацистичкиот идеолошкислоган„Германија над сѐ, над сѐво светот"),со кои предизвика глобалнипотреси и конфликти со традиционалните сојузници, а ги охрабри своите противници. Меѓудругото, се нагласува и повлекувањето на САД од меѓународните организации и договори.

[6] „Путинизмот" е државна идеологија на Русија под водство на претседателот Владимир Путин.Станува збор за персонализирана автократија (владеење на еден човек), каде што се воздигнува идејата за неоимперијалистички и националистички етатизам и месијанската претстава за Русија како голема сила и цивилизациска држава. Покрај етатизмот, клучен столб на оваа идеологија се историската борба против Западот,зачувување на традиционалните вредности, како и враќање на царската империја и сферата на влијание што Русија ја имала во Европа во минатото.

да веруваме дека војната е рационална и покрај нејзините деструктивни последици. Оттука, изгледите за мирна промена на меѓународниот систем се помалку веројатни, бидејќи секоја држава ќе настојува да ја максимира својата моќ и влијание. Речиси, практично е невозможно да се избегне или елиминира војната во мултиполарен свет во кој постојат една или повеќе политички идеологииза доминација и владеење со светот, а уште поневеројатно и потешко е да се постигне траен мир со присила или пак, со политика на војна.

**Заклучок**

Разбирањето за природата на војната мораме да го прилагодиме во контекст на изменетата меѓународна безбедносна средина и различните трендови кои придонесуваат за нејзиното манифестирање.Многубројни фактори ја поттикнаа интернационализацијата на војната во 21 век кои пред сѐ се резултат од динамиката на современата глобализација која ги урива разликите помеѓу внатрешното и надворешното, политичкото и економското, војната и мирот.Затоа причините за војни во денешно време се поизразени и помногубројни коишто треба да се согледуваат низ призма на улогата на човекот како политичко битие, на државните актери како главни политички субјекти во меѓународните односи и улогата на меѓународните организации и институции чија ефикасност постепено слабеево изминатите децении. Искуствата од војните во минатото и оние од поново времекако што се војните помеѓу Русија и Украина, Израел и Хамас, како и бројните вооружени конфликти на африканскиот континент водатповеќе кон опасностод трајна глобална милитаризација и хаотизација на меѓународните односи, отколку кон воспоставување траен мир.

Со оглед на тоа што „политичката моќ доаѓа од цевката на пушката", односно, „политиката и идеологијата се толку силни колку што е и војската силна", може да се констатира дека државите и политичките раководства ќе настојуваат ипонатаму кон зајакнување намилитаристичкиот менталитет и на воената сила како значаен инструмент за остварување на националните интереси и на политичките цели. Во тој контекст, неопходно е да се направат суштински промени во пристапот на државите, владите и на лидерите кон војната,ида ги преиспитаат своите политики, идеи и погледи за војната и нејзините последици. Сметаме дека односот кон војните треба да се согледува во поширок контекст помеѓуспротивставените геополитики, различните амбиции и визии, судирот на идеологии и различните национални интереси коишто ќе го детерминираат карактерот на војните и начинот на војување во иднина.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Бауман, З. (2001). „Воините в ерата на глобализациата".Социологически проблеми 1-2.
- Brennan, H. and Durmaz, M. (2024). "Global conflict zones grow by two thirds since 2021, topping 6 million km2". Political Risk Outlook.Verisk Maplecroft. *Достапно на:*https://www.maplecroft.com/products-and-solutions/geopolitical-and-country-risk/insights/conflict-zones-grow-by-two-thirds-globally-since-2021-covering-6-million-km2/*[Посетено на 8 април 2025]*
- Butler, D.S. (1935). War is a Racket. New York:Round Table Press.
- Chomsky, N.(1992).What Uncle Sam ReallyWants. Odonian Press, Berkeley CA, USA.
- Clausewitz, C. (1976). On War. Princeton University Press.
- Cooper, R. (2004). The Breaking of the Nations: Order and chaos in the twenty- first century. Atlantic Monthly Press, First Edition.
- Creveld, M.(1991). The Transformationof War. The Free Press, New York.
- Cronin, P. and Oakley, R. (2009). "A Nonpolar World?" in:Global Strategic Assessment 2009:America's security role in a changing world. Institute for National Strategic Studies,National Defense University Press.
- Fukuyama F.(1992).The End of History and the Last Man, Penguin Books.
- Ganser, D. (2016). IllegaleKriege, Wie die NATO-Länder die UNO sabotieren. EineChronik von Cuba bisSyrien. OrellFüssliVerlag AG Zurich.
- Gnesotto, N. (2025). *"Trumpism, the new revisionist ideology of the century". Notre Europe-Institut Jacques Delors. Достапно на:*https://institutdelors.eu/wp-content/uploads/2025/02/BP_250213_Trumpisme_Gnesotto_EN.pdf*[Посетено на 19 март 2025]*
- Huntington, S.(1996). The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. Simon & Schuster.
- Ikenberry, J. (2017). "The Plot Against American Foreign Policy: Can the Liberal Order Survive?". Foreign Affairs, May/June. *Достапно на:*https://www.foreignaffairs.com/articles/united-states/2017-04-17/plot-against-american-foreign-policy *[Посетено на 23 март 2025]*
- Institute for Economics & Peace. Global Peace Index 2024: Measuring Peace in a Complex World, Sydney, June 2024. Достапно на : http://visionofhumanity.org/resources *[Посетено на 14 март 2025].*
- Kaldor, M.(2013)."In Defence of New Wars". Stability, 2(1): 4, pp. 1-16.

*Достапно на:*DOI: http://dx.doi.org/10.5334/sta.at.*[Посетено на 3 април 2025]*

- Kalin, I. (2015). "War, peace and national interest". Достапно на :[Посетено на 29 јануари 2025]
- Karlin,M.(2024). "The Return of Total War: Understanding and Preraring for a New Era of Comprehensive Conflict*". Foreign Affairs. Nov/Dec Vol.103 Issue 6, pp: 8-19. Достапно на:* https://www.foreignaffairs.com/ukraine/return-total-war-karlin# *[Посетено на 7 февруари 2025]*
- Kegley, W.C. and Wittkopf, R.E. (2000). World Politics:Trend and Transformation. Wadsworth Publishing, 8th edition.
- Klare, M. (2002). Resource Wars: The New Landscape of Global Conflict. Holt Paperbacks, First Edition.
- *Нацев, З. и Начевски, Р.(2000). Војна, мир и безбедност. Куманово: Македонска ризница.*
- Nikitin, A.(2001). "Political and Economic Causes Of War", in: Eliminating the Causes of War, Pugwash Occasional Papers Vol.2, No.3.
- Nord, Marina, David Altman, Fabio Angiolillo, Tiago Fernandes, Ana Good God, and Staffan I. Lindberg (2025). Democracy Report 2025: 25 Years of Autocratization – Democracy Trumped? University of Gothenburg: V-Dem Institute. *Достапно на:* https://www.v-dem.net/documents/54/v-dem_dr_2025_lowres_v1.pdf*[Посетено на 4април 2025]*
- Odora, C.(1999). "*In the Seas with the Sharks:Experiencing Globalization - An African Perspective*" in: Utne B.and Garbo G., Globalization on Whose Terms? University of Oslo, Report No.5: 234-260.
- *Parmar, I. and Hooper, S. (2022). "American power elite and War-Making in the Post-Cold War Era". Достапно на:* https://cscr.pk/explore/themes/defense-security/american-power-elite-and-war-making-in-the-post-cold-war-era/ *[Посетено на 15 март 2025]*
- Pavlovic, V. (2009). Društveni pokreti i promene. JP Službeniglasniki JP Zavod za udžbenike.Beograd.
- Theohary, C. and Weiss, M. (2023)."What Is "Political Warfare"? Congressional Research Service. *Достапно на:*https://www.congress.gov/crs-product/IF11127*[Посетено на 28 март 2025]*
- Tse-tung, M.(1938). On Protracted War. Selected Works, Vol. II. *Достапно на:*https://www.marxists.org/reference/archive/mao/selected-works/volume-2/mswv2_09.htm*[Посетено на 17 април 2025]*
- Ванковска, Б.(2011). Меѓународна безбедност:критички пристап. Скопје: Филозофски факултет.

- Waltz, K. (2018). Man, the State, and War: A Theoretical Analysis.Columbia University Press.
- *Wilkins, B. (2019). "Jimmy Carter: US 'Most Warlike Nation in History of the World'".Common Dreams. Достапно на* :https://www.commondreams.org/views /2019/04/18/jimmy- carter-us-most-warlike-nation-history-world *[Посетено на 14 јануари 2025]*
- Wolin, S. (2004). Politics and vision. Princeton University Press.